MACEDONIAN FISHING FEDERATION
Add: Bulevar "Koco Racin" 75
Skopje, Republic of Macedonia
Tel/fax: +389 2 31 64 539
E.mail: macfederation@yahoo.com
contact@mrf1952.mk
Website: www.mrf1952.mk

МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА
Адреса: Бул. " Кочо Рацин" 75
Скопје, Република Македонија
Тел/факс: +389 2 31 64 539
E.mail: macfederation@yahoo.com
contact@mrf1952.mk
Website: www.mrf1952.mk




## за ПРВА СПОРТСКО РИБОЛОВНА ЛИГА - ПЛИВКА 2022 година
## 1-во и 2-ро Коло

Согласно усвоениот Календар и Пропозициите за спортско-риболовни натпревари во 2021 година, 1-во и 2-ро Коло од **Прва спортско риболовна лига во дисциплина ПЛИВКА** ќе се оддржат на 07-08.Мај.2022 година на Акумулација Тиквешко езеро патека Модри Стени или Брушани ( зависно од водостојот ) .

Организатор на натпреварот : Македонска Риболовна Федерација

Право на учество во Првата спорстско – риболовна лига ПЛИВКА ,во натпреварувачката 2022 година ,имаат сите РЗК со 2 (две) или повеќе екипи,доколку благовремено се пријават , ја уплатат годишата членарина за 2022 година во висина од **3.000** денари и ја платат пропишаната котизација од **6.100** денари за овој натпревар. Краен рок за пријавување 29.Април.2022 година , краен рок за уплата на членарина и котизација 03.Мај.2022 година.

**УПЛАТА НА КОТИЗАЦИЈА И СПОРТСКИ ЛЕГИТИМАЦИИ НА Ж-ска :**
Македонска Риболовна Федерација
Ж-ска : **3000000001910-29**
Депонент : Комерцијална Банка А.Д. Скопје

Сите РЗК што ќе се пријават за учество во лига натпреварите во дисциплина ПЛИВКА - конкуренција Сениори , задолжително мораат да пријават и најмалку еден натпреварувач во категорија **У 20** или **У 25** ( Натпреварувачот пријавен во категорија **У 25** во 2022 година да не полни повеќе од 23 години ).

Право да пријават свои натпреварувачи за оваа лига имаат и РЗК кои немаат свои екипи во лига натпреварите конкуренција Сениори , доколку благовремено извршат пријава , ја уплатат годишната членарина на МРФ за 2022 година во висина од **3.000** денари и котизација од **500** денари за секој натпреварувач одделно. Бројот на натпреварувачи не се ограничува .

Екипите се составени од 3 (три) натпреварувачи , 1 (еден) резервен натпреварувач ,1 (еден) натпреварувач ( У20 - У25) и 2 (два) Капитени на екипата . Членовите на екипите за утврдување на идентитетот , задолжително да поседуваат Спортска легитимација за 2022 година.

Дозволена е употреба на прибор по слободен избор без ограничување на должина на риболовна трска .Задолжителна риболовна мрежа (чуварка) со прстени и минимална должина од 2,5 мт.

На патеката се активни следните видови на риби : Плашица , Сончица , Црвеноперка , Карас, Крап , Костреж и др. ,дозволен е улов на сите видови риби без ограничување на големината.

**Официјален тренинг** на патеката е дозволен во (Петок) 06.Мај.2022 год. од 08.00 до 15.00 часот . Право на тренинг имат само пријавените натпреварувачи со Спортска легитимација. Патеката за време на тренингот ќе биде видно обележана .

**!!! ВНИМАНИЕ !!! ВНИМАНИЕ !!! ВНИМАНИЕ !!! ВНИМАНИЕ !!! ВНИМАНИЕ !!!**
Поради мрестот на рибата во Тиквешко езеро за време на тренингот **СТРОГО Е ЗАБРАНЕТО** користење на мрежа (чуварка) и задржување на рибата по уловот со јадица !

**ПРОГРАМ - СААТНИЦА** :

**1-во Коло 07. Мај .2022 година*( Сабота )***

| | | |
|---|---|---|
| до 08.00 часот | - Пристигање и пријавување на екипите | |
| во 08.15 часот | - Отворање на Прва лига - ***ПЛИВКА 2022*** | |
| во 08.20 часот | - Извлекување на редослед и стартни места | |
| во 08.40 часот | - Подготовка за пристап на патеката | |
| во 08.50 часот | - Пристап на патеката ---------------------------------------- | сигнал бр.1 |
| во 09.25 часот | - Најава за проверка на прихрана и мамки --------------- | сигнал бр.2 |
| во 09.30 часот | - Проверка на прихраната , мамките и приборот ------- | сигнал бр.3 |
| во 10.10 часот | - Почеток на тешка прихрана -------------------------------- | сигнал бр.4 |
| во 10.20 часот | - Почеток на натпреварот ------------------------------------ | сигнал бр.5 |
| во 14.15 часот | - Пет минути до крај на натпреварот --------------------- | сигнал бр.6 |
| во 14.20 часот | - Крај на натпреварот ----------------------------------------- | сигнал бр.7 |
| во 14.50 часот | - Соопштување на резултати | |

**2-ро Коло 08. Мај .2022 година *( Недела)***

до 08.00 часот - Пристигање и пријавување на екипите

во 08.10 часот - Извлекување на редослед и стартни места
во 08.30 часот - Подготовка за пристап на патеката
во 08.40 часот - Пристап на патеката ---------------------------------------- сигнал бр.1
во 09.15 часот - Најава за проверка на прихрана и мамки --------------- сигнал бр.2
во 09.20 часот - Проверка на прихраната , мамките и приборот ------- сигнал бр.3
во 10.00 часот - Почеток на тешка прихрана -------------------------------- сигнал бр.4
во 10.10 часот - Почеток на натпреварот ------------------------------------ сигнал бр.5
во 14.05 часот - Пет минути до крај на натпреварот --------------------- сигнал бр.6
во 14.10 часот - Крај на натпреварот ----------------------------------------- сигнал бр.7

во 14.30 часот - Соопштување на резултатите

Судискиот колегиум и точната локација на патеката (поради нискиот водостој на езеорто ) ќе бидат дополнително објавени на страната на МРФ.

Сите РЗК учеснички во лига натпреварите потребно е да донесат знаме со лого од своето друштво бидејки е потребно за Отворање на Првата лига - Пливка 2021 год. Голенимата на знамињата не треба да биде помала од 50см X 50см и не поголеми од 150см X 150 см.

Бистро на сите учесници ,

***Македонска Риболовна Федерација***
***Натпреварувачка комисија-Пливка 2022***